ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА
## НА БИЛАНС НА ПРИХОДИ ЗА 2011 ГОДИНА И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ НА
## АГЕНЦИЈАТА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

05 2012 02 03

Скопје, јули, 2012 година

СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Конечен извештај на овластениот државен ревизор | 1 - 17 |
| Биланс на приходи за 2011 година | 18 |
| Образложенија кон Билансот на приходи | |
| - Вовед | 19-24 |
| - Основни сметководствени политики | 24-24 |
| - Биланс на приходи и расходи | 24-30 |
| **Прилог 1** - Забелешки од одговорното лице на субјектот | |
| **Прилог 2** - Одговор на забелешки на овластениот државен ревизор | |


Користени кратенки во извештајот:

ОДР - Овластен државен ревизор
ДЗР - Државен завод за ревизија
МВР - Министерство за внатрешни работи
МТВ - Министерство за транспорт и врски
МФ - Министерство за финансии

Не постапувањето во согласност со Законот за јавните патишта, Одлука за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) како и склучените договори придонесува искажаниот приход во Агенцијата да не е целосен и точен, што има за последица нереално и нецелосно искажување на остварениот приход од патна такса а со тоа и намалување на квалитетот во извршување на дејноста за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта, како и создавање на можност на овластените правни лица за технички преглед кои се во приватна сопственост за бескаматно кредитирање со буџетски средства и стекнување на имотна корист.

Воспоставениот електронски систем за следење на наплата на патарината не дава целосно уверување за точната наплата на тарифата за надоместокот по категории на возила. Присуството на човечкиот фактор во постоечкиот систем на наплата на патарина создава ризик од прикажување на неточни и нецелосни податоци за возила кои го користеле патот, кои се ослободени од плаќање на патарина, возила кои одбиле да платат, како и наплатениот надоместок по тарифа соодветна за категоризација на возилото.

Со ревизијата утврдивме системски слабости во законските и подзаконските акти во делот на наплатата на патната такса од страна на овластените правни лица за технички преглед при регистрација поради невоспоставен механизам за контрола кој ќе овозможи точност на висината на наплатената патна такса по категории на возила, како и можноста имателите на моторни возила патната такса при регистрација да ја уплаќаат кај овластените правни лица, а не директно на трезорската сметка на Агенцијата.

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел. +389 2 3211 262
Факс +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:

Дата:

ДО
АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на Билансот на приходи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за државни патишта на Република Македонија Скопје (во понатамошниот текст: Агенцијата) за 2011 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за 2010 година со кој е искажано воздржување од изразување мислење за финансиските извештаи и усогласеност со закони и прописи.

За вистинитото и објективното прикажување на Билансот на приходи и усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2011 година се воздржавме од давање на мислење.

Со извршената ревизија констатирано е дека активностите поврзани со наплата на дел од приходите се пренесени на други правни субјекти поради што постои ризик за целосно функционирање на клучните контроли за сеопфатност и комплетност на приходите.

Со ревизијата констатиравме дека Агенцијата нема воспоставено целосна евиденција на бројот на овластените правни субјекти за технички преглед на моторни и приклучни возила што придонесува да нема точни информации за обврската за патна такса која не е уплатена на нејзината трезорска сметка, да нема увид во статусните промени кај правните лица за технички преглед на возилата.

*Ревизорски тим:*
1.
2.
3.

*Овластен државен ревизор*

1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на Билансот на приходи за 2011 година, прикажан на страна 18, ревизија на компонента на Агенцијата за државни патишта на Република Македонија Скопје кои се состојат од Биланс на приходи за годината која завршува со тој датум, преглед на значајни сметководствени политики и образложенија за Билансот на приходи.

1.2 Ревизијата на Билансот на приходи за 2011 година од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за државни патишта на Република Македонија за 2010 година, при што поради значењето на прашањата изнесени во поодделни точки од извештајот не е изразено мислење за Финансиските извештаи на Агенцијата за државни патишта на Република Македонија и не е изразено мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за државни патишта на Република Македонија, се во согласност со релеватната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Билансот на приходи од точка 1.1. на овој извештај е одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Наташа Валкановска, директор од 19.08.2008 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во Билансот на приходи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за Билансот на приходи од точка 1.1, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во Билансот на приходи за 2011 година се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите на Агенцијата за државни патишта на Република Македонија Скопје се целосни и точни, утврдени согласно законската регулатива. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата опишани во точката 2.3. ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата:

На Билансот на приходи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали Билансот на приходи е ослободен од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали билансот на приходи е изготвен, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

На усогласеност во врска со ревизијата на Билансот на приходи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во Билансот на приходи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Билансот на приходи кој е предмет на овој извештај е заснован врз годишната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие

стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали Билансот на приходи е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Воспоставениот начин на наплата на приходите, кои во најголем дел се наплатувани од други правни субјекти за кои се констатирани поголем број на несигурности влијаеше ревизијата да не биде во состојба да изрази мислење.

Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 07.03.2012 до 30.04.2012 година кај Агенцијата за државни патишта на Република Македонија Скопје од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Љубица Тошевска, Помошник на главниот државен ревизор и овластен државен ревизор,
- Љубинка Здравеска, самостоен ревизор и овластен државен ревизор,
- Лиман Мухаџири, ревизор и овластен државен ревизор и
- Катерина Трајанова Димев, ревизор

## 3. Осврт на ревизијата за 2010 година – спроведување на препораките

Во текот на месец јануари 2012 година извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај за што е изготвен преглед за статусот на препораките и истиот е доставен до раководителот на субјектот на 15.02.2012 година. Со ревизијата на превземените мерки по дадените препораки се констатира дека: една препорака е спроведена; спроведувањето на четири препораки е во тек; седум препораки се делумно спроведени; пет препораки не се спроведени и една препорака во план е да се спроведе. Потребно е Агенцијата да продолжи со превземање на мерки за надминување на утврдените состојби.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 15.05.2012 година.

### 4.1 Интерни контроли

**Процес на остварување на приходи**

4.1.1. Согласно одредбите на член 23 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ„) бр.84/08, 52/09, 114/09, 39/10, 124/10,23/11 53/11 и 44/12), Агенцијата се финансира од сопствени приходи остварени од надоместоци утврдени со истиот Закон и од средства од Буџетот на Република Македонија. Финансирањето на дејностите на Агенцијата за потребите на управување, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на државните патишта се врши од повеќе видови приходи меѓу кои и следните:

- трансфер од централниот буџет ( делот од акцизата од деривати на нафта);
- надомест за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила ( патна такса);
- надомест за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот ( патарина).

При оценка на системот на интерни контроли кај горенаведените приходи ревизијата констатира дека во најголем дел активностите поврзани со наплата се пренесени на други правни субјекти со што постои ризик од неможност за целосно функционирање на клучните контроли за сеопфатност и комплетност на приходите по наведените основи.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата во соработка со МТВ и правните субјекти кои се задолжени за наплата на приходи во име и за сметка на Агенцијата да превземат мерки, активности и изнајдат можност за поголема взаемна соработка и контрола на остварените приходи во име и за сметка на Агенцијата.



1.
2.
3.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Со одредбите на член 60 од Законот за јавните патишта е утврдено дека Агенцијата склучува договори за извршување работи за наплата на надоместокот за употреба на јавните патишта ( патна такса) со правни лица овластени за вршење на технички преглед на возилата.
Со увид во сметководствената и вонбилансната евиденција, склучените договори, доставените извештаи од овластените правни лица за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила до Агенцијата, како и доставените барања и добиените одговори од страна на Министерството за внатрешни работи ЦПС _ ОРГ Сектор за управно надзорни работи за вкупниот број на овластени правни лица за вршење на технички преглед и нивните подружници за 2010 и 2011 година констатирани се следните состојби:

- Во текот на 2010 година едно правно лице има добиено овластување од МВР за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила, а со Агенцијата нема склучено договор за вршење услуга за наплата на надоместокот за употреба на јавните патишта (патна такса), ниту пак ги има уплаќано парични средства од технички преглед. Правното лице во последните три месеци од 2010 уплатило средства во износ од 169 илјади денари на сметката на Агенцијата, но не продолжило со уплати во текот на 2011 година;

- Една станица за технички преглед престанала да се користи од еден правен субјект, за истата според податоците добиени од МВР, друго правно лице добило овластување и да ја користи истата станица за технички преглед од декември месец 2011 година, а до денот на ревизијата нема склучено договор со Агенцијата, ниту пак има уплатено парични средства од извршените технички прегледи;

- Едно правно лице престанало да работи како Авто мото друштво, а дејноста за вршење на технички преглед продолжило да ја извршува преку друштво со ограничена одговорност за што од МВР има добиено ново Решение за овластување за вршење на технички преглед. Ова правно лице нема склучено нов договор со Агенцијата иако има уплаќано парични средства за надомест за употреба на јавни патишта.

Ревизијата констатира дека Агенцијата не превземала доволно мерки за утврдување на причините кои придонеле да не се склучат договори, да не се достават податоци и уплати на наплатените средства во име и за сметка на Агенцијата, како и да не се ажурираат податоците за добиени овластувања за вршење на технички преглед и одземени овластувања за вршење на технички преглед. Нецелосната евиденција придонела Агенцијата да нема увид во точниот број на овластени правни субјекти за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила, да нема информација за висината на обврската за патна такса на горенаведените правни лица и увид во статусните промени кај правните лица. Ваквата состојба има за последица намалување на приходот и квалитетот во вршењето на надлежностите на Агенцијата.

По доставување на Нацрт извештајот, Директорот на Агенцијата писмено се обратил до МТВ со цел интензивирање на нивната соработка во делот на добивање на ажурирани податоци за овластените правни лица за вршење на технички преглед во РМ.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата во соработка со МВР и МТВ да превземат мерки, активности и да изнајдат можност и механизам за задолжително доставување на податоците и статусните измени на овластените правни лица за вршење на технички преглед до Агенцијата.

4.2.2. Врз основа на насоките дадени во Конечен - Записникот на Владата на Република Македонија од мај 2007 година, склучен е договор помеѓу АД ЕЛЕМ и Фондот за државни патишта во јуни 2007 година за соинвеститорство на АД ЕЛЕМ - Скопје за изградба на патната делница м.в. мост село Близанско - м.в. Коломот во износ од 110.430 илјади денари без ДДВ.

Во март 2009 година помеѓу АД ЕЛЕМ и Агенцијата, склучен е Протокол со кој се регулираат меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за изградба склучен со Изведувачот ДГ Бетон АД Скопје. Согласно Протоколот АД ЕЛЕМ одговара за обврските како соинвеститор во висина од 110.430 илјади денари, без ДДВ, што претставува негово учество од 25,73% од вкупно договорената цена за изградба на патот кој согласно Договорот помеѓу изведувачот ДГ Бетон

АД Скопје и Агенцијата изнесува 429.189 илјади денари без ДДВ, 77.253 илјади динари ДДВ и 506.442 илјади денари со ДДВ.

Со увид во начинот на реализација, се констатира дека договорот со АД ЕЛЕМ за соинвеститорство за изградба на патната делница м.в. мост село Близанско -м.в. Коломот во вкупен износ од 110.430 илјади денари се реализирал во текот на 2009 година за што до Агенцијата се трансферирани 35.330 илјади денари, 2010 година 35.596 илјади денари и во 2011 година трансферирани се средства во износ од 39.504 илјади денари. Ревизијата констатира дека Агенцијата изготвувала фактури кон АД ЕЛЕМ врз основа на извршени работи по доставени градежни ситуации од изведувачот ДГ Бетон АД Скопје, искажувајќи во фактурите ДДВ во вкупен износ 16.845 илјади денари иако не е даночен обврзник со искажан МК даночен број. Искажувањето на ДДВ во фактурите во Агенцијата не е во согласност со член 55 став 1 од Законот за ДДВ („Сл.Весник на РМ„ бр.44/99,... 135/11), согласно кој ако некое лице во фактурата го искаже одделно ДДВ иако за тоа не е овластено, тогаш го должи искажаниот износ и истиот треба де се плати во рок од пет работни дена, по издавањето на фактурата. Од разговорите со одговорните лица во Агенцијата и увидот во начинот на изработка на фактурите, се констатира дека на првата фактура кон АД ЕЛЕМ, Агенцијата не го искажала данокот на додадена вредност. По барање на АД ЕЛЕМ како даночен обврзник, сменет е начинот на фактурирање при што во фактурите на Агенцијата кон АД ЕЛЕМ данокот на додадена вредност бил искажан. Согласно член член 33, став 2 , точка 1 од Законот за ДДВ, услов за одбивка на преходниот данок е прометот кој е извршен да е од други даночни обврзници. Согласно член 35 став 1 точка 7 од Законот за ДДВ, даночниот обврзник, во овој случај АД ЕЛЕМ, нема право на одбиток на претходниот данок кој го должи издавачот на фактурата според член 55 став 1. Евентуалното одбивање на ДДВ од страна на АД ЕЛЕМ има за последица соинвеститорството за изградбата на патот да изнесува 93,585 илјади денари а не 110.430,00 илјади денари како што е предвидено со склучениот Договор и Протокол и помалку платен ДДВ.

Ревизијата не дава препорака од причини што во фазата на доставување на забелешки на Нацрт извештајот, Агенцијата превзема активности за корекција на констатираната состојба од ревизијата. Со допис број 05 2701/2 од 07.06.2012 година, АД ЕЛЕМ ја известила Агенцијата дека ќе изврши корекција на одбиениот ДДВ спрема Управата за јавни приходи согласно Законот за додадена вредност со оглед на тоа дека АД ЕЛЕМ ја има платено целосно обврската согласно договорот односно има уплатено 110.430 илјади денари.

## 4.3 Финансиски извештаи

### Биланс на приходи

4.3.1 Во известувачкиот период Агенцијата има искажано приходи од надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила ( патна такса) во износ од 686.334 илјади денари.

Врз основа на член 57 од Законот за јавните патишта, Владата на Република Македонија донела Одлука за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила ( патна такса) број 19-4732/1 од 22.09.2009 година и истата е на сила и до денот на ревизијата. Согласно Одлуката, средствата од патната такса се уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка. Одлуката дава можност уплатата на надоместокот да се изврши и преку овластено правно лице за вршење на технички преглед на моторни возила. Овластеното лице за вршење на технички преглед на моторни возила и приклучни возила е обврзано да води евиденција за бројот на регистрирани возила по видови и еднаш месечно да доставува извештај до Агенцијата. Имателите на моторни возила што подлежат на регистрација, надоместокот за употреба на јавните патишта го плаќаат при регистрација на возилата.

Средствата собрани од патната такса согласно одредбите на член 59 од Законот се приход на Агенцијата и се користат за финансирање на изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на јавните патишта.

Имајќи ги во предвид одредбите од Законот, користејќи ја можноста за уплата на надоместокот преку овластено правно лице за вршење на технички преглед, имателите на моторни и приклучни возила ја уплаќаат патната такса во постапка при регистрација на возилата кај правниот субјект кај кој е извршен техничкиот преглед на моторните возила, а истиот согласно Законот и Одлуката треба да се трансферираат на Агенцијата.

Агенцијата со правните лица кои се овластени од МВР да вршат технички преглед според одредбите на член 60 од Законот склучува договори за вршење услуга за наплата на надоместокот за употреба на јавните патишта ( патна такса).

Според условите во договорите, во функција на уредно и целосно наплатување на патната такса, овластените правни лица според Одлуката на Владата на РМ и условите пропишани во договорите се должни еднаш месечно да доставаат извештај до Агенцијата.

Од увидот извршен во законските и подзаконските акти, извршените уплати, сметководствената и вонбилансната евиденција, склучените договори, како и извршената посета кај дел од правните лица кои се овластени за вршење на технички преглед утврдени се следните слабости:

- правните лица за вршење на технички преглед нередовно ги доставуваат месечните извештаи на регистрирани, наплатени и проверени средства (средства уплатени директно на сметката на Агенцијата од страна на сопствениците на моторните возила),
- на сметката на Агенцијата нередовно и нецелосно се врши уплата на надоместокот за патната такса од страна на правните лица овластени за технички преглед за што во својата сметководствена евиденција искажуваат обврски кон Агенцијата. Дел од правните субјекти уплатата на надоместокот ја вршата со задоцнување од два до десет месеци, а во одредени случаи и повеќе од една година. Вкупниот долг спрема Агенцијата за 2011 година по овој основ заклучно со 22.03.2012 година изнесува 237.824 илјади денари.
- Агенцијата не доволно превзема мерки за наплата на долгот по судски пат или барање на отштета за ненавремена уплата на средствата од правните лица кои имаат овластување за технички преглед.

Ваквиот начин на работа, не е во согласност со член 60 од Законот за јавните патишта, Одлука за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила ( патна такса) и склучените договори помеѓу Агенцијата и правните лица. Не постапувањето согласно законските и подзаконските акти има за последица нереално и нецелосно искажување на остварениот приход од патна такса, неможност за квалитетно извршување на дејноста изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта, како и можност за бескаматно кредитирање со буџетски средства и стекнување на имотна корист на овластените правни лица за технички преглед.

Потребно е да се истакне дека во Службен весник на РМ број 44 од 30.03.2012 извршена е измена и дополнувања на Законот за јавните патишта. Согласно измените на членот 60 од Законот, станиците за технички преглед се должни 99 % од собраните средства да ги трансферираат во рок од 10 дена на потсметката на Агенцијата, а 1% да трансферираат на сметка на Републичкиот совет за безбедност на патиштата.

Препорака:

Органите на управување и раководење на Агенцијата да ги превземат следните активности

- Да се превземат мерки за целосна наплата на заостанатиот долг по редовен или судски пат;
- Во соработка со МВР да се изврши ажурирање на податоците на правните лица овластени за технички преглед на моторни и приклучни возила во РМ,
- Да се зголеми соработката со Државниот инспекторат за транспорт во насока на размена на информации за правните лица кои нередовно и нецелосно вршат уплати на патната такса и
- Да се изврши промена на договорите во согласност со измените на Законот за јавни патишта во 2012 година.

4.3.2. Во текот на 2011 година Агенцијата има реализирано приходи по основ на надомест за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина) во износ од 1.053.315 илјади денари. Ревизијата при анализа на целокупниот систем на прибирање на овие приходи констатира дека воспоставениот систем на наплата на приходите и не гарантира целосност во наплатата што е констатирано и со претходните ревизии на ДЗР.

Агенцијата има воспоставено контролен систем во базата на податоци од електронскиот систем на наплата на патарина, кој се користи од страна на ЈП Македонијапат, но тој систем не го покрива ризикот во целост во делот на целосноста и точноста на приходот. Причините за ваквата состојба е што воспоставениот електронски систем за следење на наплата на патарината, не дава целосно уверување за точната наплата на тарифата за надоместокот по категории возила како и присуството на човековиот фактор во постоечкиот систем на наплата на патарина што создава ризик од прикажување на неточни и нецелосни податоци за возилата кои го користеле патот, кои се ослободени од плаќање на патарина, возила кои одбиле да платат, како и наплатениот надоместок по тарифа соодветна за категоризација на возилото. Агенцијата превзема активности за воведување на нов автоматизиран систем на наплата на патарина со адаптација на пет постоечки наплатни станици и изградба на четири нови станици

Препорака:
Одговорното лице на Агенцијата да превземе активности за имплементација на новиот автоматизиран систем кој ќе гарантира целосност на приходите од наплатата на патарина и минимизирање на човечкиот фактор.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект пред се од изнесените наоди во точките 4.3.1. и 4.3.2. е нецелосност и точност на приходите што ги остварува што може да влијае на квалитетно извршување на дејноста на Агенцијата. Наведениот ефект е причината за неизразување на мислење.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за Билансот на приходи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.3.1 и 4.3.2, ние не изразуваме мислење за Билансот на приходи на Агенцијата за државни патишта на Република Македонија на ден 31 декември 2011 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Поради прашањата изнесени во точките 4.2.1. 4.2.2 и 4.3.1. ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во Билансот на приходи на Агенцијата за државни патишта на Република Македонија, се во согласност со релеватната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Во член 60 став 2 од Законот за јавни патишта е пропишано Агенцијата да склучува договори за извршување работи за наплата на надоместокот за употреба на јавните патишта (патна такса) со правни лица овластени за вршење технички преглед на возилата според која одредба се склучени и договори. Во договорите е наведено дека овластените правни лица за технички преглед на моторни и приклучни возила се обврзуваат во име и за сметка на Агенцијата да вршат наплата на патната такса и да вршат проверка на наплатата на патната такса од корисниците на моторни и приклучни возила. Висината на надоместокот за патна такса е утврден со Одлуката на Владата за висината и начинот на плаќање на надоместокот за

употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила ( патна такса). Согласно Одлуката, Агенцијата изготвила Упатство за примена на Одлуката и го доставила до правните лица овластени за вршење на технички преглед со кои има склучено договори. Според Одлуката, патната такса се уплаќа во зависност од категоријата на возилото и носивост и/или зафатнината и јачината на моторот, односно возилата се поделени во 9 категории на возила со 77 под категории поделени според носивост или зафатнина и јачина на моторот за кои висината на патната такса се движи од 180 денари до 27.490 денари, за секоја наредна поголема носивост се доплаќа од 1.270 и 2.010 денари на секои 10 KW. Оваа категоризација служи за утврдување на висината за наплата на патната такса и податоците за бројот и категоризација на регистрирани моторни и приклучни возила. Оваа Одлука ја применуваат овластените правни лица за технички преглед на моторни и приклучни возила при регистрација на возилата и се обврзани во име и за сметка на Агенцијата да наплаќаат патна такса. Овие податоци се доставуваат до Агенцијата, но истата не располага со дополнителни податоци со кои би се утврдило дали правилно се категоризирани возилата и правилно е утврден и наплатен надоместокот за патна такса, ниту пак ревизијата се увери дека овие податоци се контролираат од друг орган.

Правните лица овластени за регистрација и технички преглед на моторни и приклучни возила согласно Законот за возила, до МВР во име на имателите на возилата поднесуваат Барање за регистрација на моторно и приклучно возило или Барање за продолжување на регистрацијата. Во Барањата се содржани техничките карактеристики на возилото, податоци за сопственикот на возилото и податоци за извршениот технички преглед и задолжителното осигурување на возилото. Согласно член 73 од Законот за возила МВР води регистар на возилата кој содржи податоци од евиденцијата за :

- одобрените типови возила;
- издадените потврди за сообразност и согласност за регистрација;
- регистрирани возила;
- уништени возила;
- патен надзор на техничката исправност на возилата кои учествуваат во сообраќајот на патиштата и
- спроведени стручни испити;

Од горенаведеното може да се констатира дека податоците со кои располага и има евиденција МВР за возилата кои се регистрираат не одговараат на потребите на Агенцијата во насока на контрола на наплатениот надоместок согласно Одлуката на Владата на РМ. Поради ваквата законска поставеност

Агенцијата може да ги користи податоците од МВР само во однос на бројот и видот на возилата. Согласно законската регулатива МВР нема законска обврска да води евиденција и контрола дали точно е утврдена обврската за наплата на патната такса според категоријата на возилото и носивост и/или зафатнината и јачината на моторот при регистрација на возила од страна на овластените правни лица кои вршат регистрација и технички преглед на возилата. Поради горенаведеното ревизијата препрепорачува да се предвидат законски одредби кои ќе овозможат следење и контрола на навременото плаќање на патната такса според категоризација на возилата и точно утврдување на пропишаната обврската за плаќање.

6.2. Со стапување на сила на новиот Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата од 11.05. 2007 година и донесувањето на Законот за возила кој е на сила од 14.11.2008 година дадена е можност на правните лица самостојно со овластување на министерот за внатрешни работи и исполнување на одредени услови да вршат дејност регистрација и технички преглед на возилата. Пред донесување на овие прописи со дотогашните прописи технички преглед на возила можеле да вршат само организации во кои доброволно се здружиле најмалку 10 правни лица, регистрирани од областа на безбедноста, превентивата во патниот сообраќај и давање на техничка помош на патиштата. Поради оваа законска можност во текот на 2009, 2010 и 2011 година се зголемува бројот на правни лица овластени за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила. При трехничкиот преглед на возилата истите треба да ја почитуваат Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила ( патна такса). Според истата Средствата од патната такса се уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

Со ревизијата е констатирано дека правните субјекти освен што не ги почитуваат законските прописи во однос на доставување извештаи до Агенцијата и навремената уплата на средства за патна такса на сметката, истите се повеќе ја користат можноста, имателите на моторни возила патната такса при технички преглед на возилата да ја уплаќаат кај нив, а не директно на соодветната уплатна сметка на Агенцијата и истата нередовно ја трансферираат на сметката на Агенцијата. За подобро согледување на состојбите ревизијата изготви преглед од 2007 година заклучно со 2011 година при што ја утврди следната состојба:

000 денари

| година | број на овластени правни лица за регистрација | Вкупно уплатени средства за патна такса на сметката на Агенцијата | уплатен износ од имателите на моторни возила директно на сметката на Агенцијата | % на учество на директно уплатени средства во вкупно уплатените средства |
|---|---|---|---|---|
| 2007 | 6 | 865,159 | 200,763 | 23.21 |
| 2008 | 9 | 709,107 | 224,387 | 31.64 |
| 2009 | 32 | 640,606 | 101,286 | 15.81 |
| 2010 | 54 | 785,621 | 73,142 | 9.31 |
| 2011 | 58 | 723,603 | 60,090 | 8.30 |

Од Прегледот може да се согледа дека со зголемување на бројот на правни лица кои се овластени за технички преглед се намалува процентот на уплатена патната такса од имателите на моторни возила директно на сметката на Агенцијата, односно патната такса се повеќе се уплаќа на сметка на овластените правни лица за технички преглед кои со задоцнување истата ја уплаќаат на сметката на Агенцијата. Ревизијата препорачува измена на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила ( патна такса) со изземање на можноста уплатата на надоместокот да може да се врши преку овластените правни лица за технички преглед односно средствата директно да се уплаќаат во Буџетот на РМ на трезорската сметка на Агенцијата.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

7.1. Агенцијата во текот на 2011 година има повлечено средства од кредити одобрени од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка и Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) во вкупен износ од 1.442.979 илјади денари наменети за реконструкција и рехабилитација на регионални и локални патишта. Договорот со Светска банка е во висина од 70 милиони евра потпишан помеѓу Р Македонија и Светската банка на 21.07.2008 година. Дел од кредитот во износ од 36 милиони евра е наменет за реконструкција и рехабилитација на магистрални патишта, а остатокот во износ од 34 милиони евра е наменет за реконструкција на локални патишта.
Агенцијата исто така се јавува како корисник на кредитот на (ЕБОР) во износ од 50 милиони евра и тоа 25 милиони за регионалните и 25 милиони евра за локалните патишта. Имено, корисник на овие средства, а воедно и

имплементатор на истоимениот проект е Агенцијата, за која цел е потпишан и Проектен Договор помеѓу Агенцијата и ЕБОР. Цели на Проектот се намалување на трошоците за пристап кон пазарите и услугите кои се сервисираат преку регионалните и локалните патишта, со подобрување на состојбата и квалитетот на регионалната и локалната патна мрежа, со цел ефикасна реализација на Проектот.

Во текот на 2011 година за оваа намена повлечени се средства во вкупен износ од 446.913 илјади денари од кои 107.700 илјади денари потрошени се за реконструкција и рехабилитација на магистрални патишта, додека за локалните патишта повлечени се средства во износ од 341.187 илјади денари.

Согласно одредбите на член 14 став 8 од Законот за јавните патишта, работите на изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта ги вршат општините. Ревизијата има обврска да укаже дека со задолжување на Р. Македонија за реконуструкција на општинските патишта се врши поклопување на надлежностите на централната и локалната власт во услови на јасно разграничување на надлежностите согласно законот и одлевање на средствата од централно на локално ниво.

7.2. Согласно член 55 став 1 точка 1 од Законот за јавни патишта, Агенцијата обезбедува финансиските средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на јавните патишта и од трансфери од Централниот буџет (делот од акцизата од деривати од нафта). Согласно член 56 од Законот, висината на средствата од трансферот од Централниот буџет не може да биде помалку од 20%. Исплатата на средствата за делот од акцизата од деривати на нафта ја врши МФ , Сектор трезор, согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ утврдени во Раздел 090.02 - Министерство за финансии - функции на државата. Средствата во текот на 2011 година се трансферирани месечно врз основа на доставени писмени барања за потреби од средства од Агенцијата. Без да го квалификуваме нашето мислење ревизијата има обврска да обелодени дека Агенцијата нема увид во вкупниот прилив на средства во Централниот буџет по основ на приливот на средствата од акцизата од деривати од нафта. Во текот на 2011 година префрлени се 1.831.000 илјади денари или околу 22% од пропишаното со Законот за јавни патишта. Ревизијата препорачува да се преземат активности во соработка со МФ со цел Агенцијата да добие активна улога во овој процес и да има увид во вкупниот прилив на средства по овој основ со цел реално планирање на приходите и расходите утврдени со Годишната Програма на Агенцијата потребни за изградба, реконструкција, одржување и заштита на јавните патишта.

АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
БИЛАНС НА ПРИХОДИ ЗА 2011

во 000

| Опис на позицијата | Образложение | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| ПРИХОДИ | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 1,739,750 | 1,827,448 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 112,760 | 61,675 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 1,845,861 | 2,141,884 |
| Задолжување во странство | 3.4. | 1,442,979 | 996,527 |
| Вкупно: | | 5,141,350 | 5,027,534 |

Образложенијата се составен дел на Билансот на приходи

# 1. ВОВЕД

## 1.1. Основање и статус

Агенцијата за државни патишта (во понатамошниот текст Агенцијата) е основана согласно Законот за јавни патишта („Службен весник на РМ„ бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/2010, 23/2011 и 53/2011), заради вршење на работите кои се однесуваат на управувањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на државните патишта.
Агенцијата е регистрирана во Централниот регистар на РМ со Решение од 25.08.2008 година, заведено со деловоден број 30120080061972.
Агенцијата има својство на правно лице.
Матичен број на Агенцијата е 4089600.
Седиштето на Агенцијата за државни патишта е на улица Даме Груев бр.14,Скопје.
Агенцијата за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија за што доставува за усвојување годишен извештај за своето работење за претходната година, најоцна до март во тековната година.
Согласно одредбите од Законот за јавни патишта предвидено е донесување на Стратегија за развој и одржување на државните патишта со која се утврдуваат целите и основните задачи за развој и одржување на државните патишта за најмалку десет години.
Стратегијата ја донесува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија, а спроведувањето на стратегијата е во надлежност на Министерството за транспорт и врски.
За извршување на работите кои се однесуваат на управувањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштита на државните патишта, Агенцијата изготвува Петгодишна програма со која се определува развојот и одржувањето на државните патишта, Агенцијата изготвува Петгодишна програма со која се определува развојот и одржувањето на државните патишта, која е во согласност со стратегијата што ја донесува што ја донесува Собранието на Република Македонија.
За спроведување на целите и задачите од петгодишната програма, Агенцијата изготвува Годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта во која подетално се утврдени работите и изворите на средства за нејзина реализација (во понатамошниот текст:Годишна програма). Годишната програма ја донесува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.
За 2011 година Владата на Република Македонија, на предлог на Агенцијата, има донесено Годишна програма за изградба, реконструкција ,одржување и заштита на државните патишта во РМ („Службен весник на РМ„ бр.8/2011, 46/2011, 150/2011 и 182/2011).

Надзор над законитоста на работењето на Агенцијата врши Министерството за транспорт и врски.

## 1.2. Дејност

Согласно Законот за јавни патишта, Агенцијата е надлежна за:

- управување со државните патишта;
- предлагање и имплементирање на петгодишните и годишните програми кои ги донесува Владата на Република Македонија;
- постојано следење и контролирање на состојбите на државните патишта;
- преземање мерки за рационално користење на средствата наменети за државните патишта;
- вршење инвеститорски работи од областа на државните патишта;
- наплата и предлагање на висината на надоместоците за користење на јавните патишта утврдени со овој закон;
- задолжувања кај домашни и странски финансиски институции;
- организирање на изработка на студии и проекти за изградба, реконструкција, одржување, заштита и наплата на патарина со право истите да ги отстапува на физички и правни лица во согласност со Законот за јавни набавки;
- давање на вршење на работите за изградба, реконструкција и одржување на државните патишта на правни лица во согласност со Законот за јавни набавки;
- организирање на работите за заштита и наплата на патарина за државните патишта со право да ги даде на извршување на правни лица во согласност со Законот за јавни набавки;
- предлагање за давање на концесија и други видови на јавно приватно партнерство;
- предлагање нормативи за проектирање, изградба, реконструкција, одржување и заштита на јавните патишта;
- издавање дозволи и мислења согласно со овој закон;
- организирање и извршување на финансиски и технички надзор над активностите на државните патишта;
- организирање на активности поврзани со вршење на броење на сообраќај, заштита на државните патишта, катастар на државните патишта и формирање на неопходни бази на податоци;
- применување и користење на систем на управување со одржувањето на коловозите (ПМС) и систем на управување со одржувањето на мостовите (БМС);
- донесување општи акти на Агенцијата;
- изготвување и извршување на годишна програма;

подготвува предлог на буџетско барање за наредната фискална година до Министерството за финансии;
- организирање на информативни услуги за јавноста за состојбата на патиштата и условите во сообраќајот;
- вршење времена забрана на сообраќај на определена категорија на возила или на определен патен правец и утврдување на режимот на сообраќајот во соработка на Министерството за внатрешни работи во случај на отежнати услови на сообраќајот или при вонредни настани на државните патишта;
- активности во врска со спроведувањето на експропријацијата на недвижности и извршување на други работи предвидени со овој закон.

### 1.3. Финансиско работење

#### Финансирање

Финансирањето на Агенцијата за државни патишта – Скопје се обезбедува од надоместоци утврдени со член 55 од Законот за јавни патишта и тоа:

1. Трансфер од Централниот буџет (делот од акцизата од деривати од нафта);
2. Надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);
3. Надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
4. Надоместок за:
   а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас;
   б) приклучување на пристапен пат на јавен пат;
   в) поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот појас;
   г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место;
   д) прекумерно користење на пат;
   ѓ) вонредниот превоз
   е) штета сторена на патот и објектите на патот.
5. Средства од Буџетот на РМ и од буџетите на општините и на градот Скопје;
6. Заеми и кредити и
7. Други приходи.

#### Сметки на Агенцијата

Агенцијата за државни патишта денарскиот промет во земјата во текот на 2011 година го вршеше преку единствената:

- трезорска сметка број 100000000063095, сметка на буџетски корисник број 660016000366012;

Во рамките на единствената трезорска сметка отворени се следните сметки со посебна намена:

- 660016000378618 - сметка на Агенцијата за државни патишта за префрлање на средства од посебната девизна сметка во денари,од Проектот финансирање од Светска банка ТТФСЕ II, за потребите на Царинска Управа на Република Македонија;
- 660016000378622 - сметка на Агенцијата за државни патишта за префрлање на средства во денари од заемот на ЕБОР за финансирање на Проектот за рехабилитација на постоечката Регионална и општинска патна мрежа во РМ;
- 660016000378514 - сметка на Агенцијата за државни патишта за проект финансиран со грант од ЕБОР Имплементација и консултантски надзор за регионални и локални патишта;
- 660016000378529 - сметка на Агенцијата за државни патишта за проект финансиран со грант од ЕБОР Поддршка на Агенцијата за државни патишта во имплементација на новиот Закон за патишта;
- 300000001862339 - Комерцијална банка АД-Скопје, сервисна сметка која се користи само за отплата на анувитети по кредит од ЕБОР.

За повлекување на средствата на странските заеми за финансирање на патни проекти во земјата, во Народна Банка на РМ отворени се следните посебни девизни сметки:

- 00-701-0000870.8 - сметка на Вториот проект за олеснување на трговијата и транспортот на Југоисточна Европа (ТТФСЕ II) финансиран од Светска банка;
- 00-701-0001098.2 - сметка на Проектот за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа финансиран од Светска Банка;
- 00-701-0001131.8 - сметка за Проектот за рехабилитација на постоечката регионална и општинска патна мрежа во Република Македонија, финансиран со кредит од Европска Банка за обнова и развој (ЕБОР).

Овластен потписник на сметките е:

Наташа Валкановска, директор од 19.08.2008 година

## 1.4. Органи на управување и раководење

Органи на Агенцијата се Управниот одбор и директорот.

Управниот одбор на Агенцијата е составен од пет члена и тоа по еден член предложен од министерот за транспорт и врски, министерот за финансии, министерот за внатрешни работи, министерот за локална самоуправа и

министерот за економија од редот на раководните државни службеници; кои ги именува и разрешува Владата на Република Македонија .Со работата на Управниот одбор раководи претседател.Членовите на Управниот одбор од своите редови избираат претседател и заменик претседател за време од пет години.

Управниот одбор на Агенцијата ги има следните надлежности:

1. донесува статут и други општи акти на Агенцијата;
2. донесува план и програма за работа на Агенцијата;
3. донесува акт за организација и работа и акт за систематизација на работните места во Агенцијата;
4. утврдува предлог на буџетско барање до Министерството за финансии;
5. предлага петгодишна и годишна Програма за изградба,реконструкција, одржување и заштита на државните патишта;
6. одлучува за користење на средствата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта согласно годишната програма;
7. усвојува годишен извештај за работата на Агенцијата и завршна сметка на Агенцијата;
8. одлучува за организирање финансиска надворешна ревизија најмалку еднаш годишно;
9. разгледува и одлучува по прашања во врска со состојбите за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта;
10. одлучува и за други работи утврдени со овој Закон и Статутот на Агенцијата.

Директорот раководи со работата н Агенцијата, а го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

Надлежности на директортот се:

- ја претставува и застапува Агенцијата;
- ја организира работата и раководи со стручните служби на Агенцијата;
- ги извршува одлуките на Управниот одбор;
- се грижи за законито работење на Агенцијата;
- ги организира деловните активности во Агенцијата;
- изготвува и ги предлага до Управниот одбор општите и другите акти што ги донесува Управниот одбор;
- донесува поединечни акти за вработените од областа на работните односи;
- доставува извештај за својата работа секоја година до Владата на Република Македонија;
- одлучува и за други прашања утврдени со закон и Статутот на Агенцијата.

За својата работа Директорот на Агенцијата одговара пред Владата на Република Македонија.

## 1.5. Организациска поставеност

Согласно Правилникот за организација на Агенцијата за државни патишта број 04-2247/3 од 13.10.2008, Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за организација на Агенцијата за државни патишта број 02-2642/4 од 03.12.2008 и Правилникот за измена и дополнување за организација на Агенцијата за државни патишта број 02-5478/3 од 22.12.2011 година, во рамките на Агенцијата постојат следниве организациони единици:

**Сектори:**

- Сектор за правни, кадровски и општи работи;
- Сектор за одржување и заштита на патишта;
- Сектор за инвестирање и
- Сектор за финансиски прашања;

Секторите се организирани во одделни.
Секторите имаа раководител и помошник на раководителот, именувани со одлука на директорот на Агенцијата.

**Самостојни оддели:**

- Оддел за внатрешна ревизија;
- Оддел за јавни набавки;
- Оддел за човечки ресурси и
- Оддел за односи со јавност.

Заради директна контрола врз работата на секторите, систематизирани се трojца помошници на Директорот кои се именуваат со Одлука на директорот на Агенцијата.

Надзор над законитоста на работењето на Агенцијата врши Министерството за транспорт и врски.

## 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Признавање на приходи

2.1 Признавањето на приходите и другите приливи, во Агенцијата за државни патишта - Скопје во Билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководственото начело на парично искажување (готовинска основа) во периодот во кој настанале и се наплатени до 31 декември во тековната фискална година, според критериумот на мерливост и расположливост.

2.2. Проценети приходи во Билансот на приходи и расходи се приходите остварени по видови и извори согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на приходите.

2.3. Во приходи не влегуваат: добиените материјални и нематеријални средства на подарок или по друга основа отстапени без надомест, вишоци утврдени по попис или на друг начин остварени средства во материјален облик искажани во изворите како деловни средства.

2.4. Приходите кои не се наплатени до денот на нивната пристигнатост за наплата се искажуваат како пасивни временски разграничувања.

## 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ

Од планираните приходи, со Годишната програма и Буџетот на Агенцијата за државни патишта, односно ребалансите во 2011 година, остварени се 5.141.350 илјади денари или 91, 34 %. (2010 година-5.027.534 илјади денари или 92,71%). За деловната 2011 година остварени се следните приходи по следните основи:

### 3.1. Даночни приходи

Даночните приходи се проценети во износ од 1.739.750 илјади денари (2010 година - 1.827.448 илјади денари), по следните основи:

во 000 денари

| Опис | 2011 | 2010 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Надомест за уптреба на автопат или магистрален пат , нивен дел или објект на патот | 1.053.315 | 1.084.821 |
| Надомест за употреба на јавните патишта (патна такса) за моторни и приклучни возила што подложат на регистрација | 686.334 | 742.471 |
| Надоместоци за штета сторена на патот и објектите на патот | 101 | 156 |
| Вкупно: | 1.739.750 | 1.827.448 |

Надомест за употреба на автопат или магистрален пат, нивен дел или објект на патот

Согласно член 55 став 2 од Законот за јавните патишта надоместот за употреба на автопат или магистрален пат, нивен дел или објект на патот (автопатска такса, патарина), е приход на Агенцијата. Средствата се наменети за изградба, реконструкција, одржување и заштита на автопатиштата, магистралните и регионалните патишта.

Приходите од надоместок за употреба на автопат или магистрален пат, нивен дел или објект на патот (патна такса) се составен дел на приходите во Буџетот за 2011 година врз основа на кој истите се предвидуваати во Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на јавните патишта.

Надоместокот за употреба на автопат или магистрален пат, нивен дел или објект на патот во 2011 година е проценет во износ од 1.053.315 илјади денари.

Приходите од надоместок за употреба на автопат или магистрален пат, нивен дел или објект на патот (автопатска такса) се остваруваат преку наплата од страна на ЈП Македонија пат преку готовинска наплата на наплатните станици и со издавање на фактури на правни лица.

Уплатата на овој вид на надоместок за 2011 година е извршена согласно член 55 став 2 од Законот за јавни патишта и согласно Одлуката за висината и начин на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина) донесена од Влада на Република Македонија („Службен Весник на РМ„ бр.89 од 20.07.2009 година).

**Надомест за употреба на јавните патишта (патна такса) за моторни и приклучни возила што подложет на регистрација**

Надоместокот за употреба на јавните патишта (патна такса) за моторни и приклучни возила што подлежат на регистрација е проценет во износ од 686.334 илјада денари (2010-742.471 илјади денари).

Уплатата на овој вид на надоместок за 2011 година е извршена согласно член 55 став 2 од Законот за јавни патишта и следните акти:

- Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) донесена од Влада на Република Македонија („Службен Весник на РМ„ бр.118 од 28.09.2009 година,
- Упатството за примена на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) со бр.05-4268/1 од 06.10.2010 година донесен од Директорот на Агенцијата за државни патишта и

склучените договори за извршување работи за наплата на надоместокот за употреба на јавните патишта (патна такса) со правните лица овластени за вршење на технички преглед на возилата.

Надоместоци за штета сторена на патот и објектите на патот

Надоместокот за штета сторена на патот и објектите на патотот е проценет во износ од 101 илјади денари (2010-156 илјади денари).

Уплатата на овој вид на надоместок за 2011 година е извршена согласно член 55 став 4 точка 7 од Законот за јавни патишта и следниот акт:

- Одлуката за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државен пат, приклучување на пристапен пат на државен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на државен пат, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење на државен пат, за вонреден превоз и за штета на државен пат и на објектите на патот донесена од Влада на Република Македонија („Службен Весник на РМ„ бр.139 од 04.11.2008 година).

## 3.2. Неданочни приходи

Оваа позиција е проценета во висина од наплатените средства во износ од 112.760 илјади денари (2010 година - 61.675 илјади денари) и се однесуваат на приходите по следните основи:

во 000 денари

| Опис | 2011 | 2010 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Приходи од тендери | 704 | 398 |
| Други приходи на Фондот за патишта | 0 | 1 |
| Останати неданочни приходи | 112.056 | 61.276 |
| Вкупно: | 112.760 | 61.675 |

Приходи од тендери

Приходите од тендери се проценети во вкупен износ од 704 илјади денари (2010 година – 398 илјади денари) и се однесуваат на приходи остварени од надоместок за подигање на тендерска документација од страна на заинтересираните економски оператори за учество во постапки за јавни набавки што ги спроведува Агенцијата за државни патишта.

Останати неданочни приходи

Останатите неданочни приходи се проценети во вкупен износ од 112.056 илјади денари; ( 2010 - 61.675 илјади денари).
Агенцијата за државни патишта во 2011 година има остварено приходи од надоместок за дозволи за :

- поставување на натписи и рекламни табли;
- приклучување на пристапен пат на јавен пат;
- поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот појас и
- вонреден превоз.

Уплатата на овие видови на надоместок за 2011 година е извршена согласно член 55 став 4 од Законот за јавни патишта и следните акти:

- Одлуката за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државен пат ,приклучување на пристапен пат на државен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на државен пат, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење на државен пат, за вонреден превоз и за штета на државен пат и на објектите на патот донесена од Влада на Република Македонија (,,Службен Весник на РМ,, бр.139 од 04.11.2008 година;
- Правилникот за начинот на заштита на јавните патишта донесен од страна на министерот за транспорт и врски. (,,Службен весник на РМ,, бр.122 од 17.09.2010 година;
- Договор за одржување и заштита на државните патишта во Република Македонија склучен помеѓу ЈП Македонија Пат и Агенцијата за државни патишта на 17.01.2011 година и
- Упатството за начинот и постапката за примена на Законот за јавни патишта со бр.02-2189/1 од 06.05.2011 година донесен од Директорот на Агенцијата за државни патишта.

На оваа аналитика искажани се приходи и по следните основи:

- Прилив на средства во вкупен износ од 60.054 илјади денари од АД „ЕЛЕМ„ - Скопје, согласно Договор за соинвеститорство за реализација на патна врска на м.в. Близанско-м.в.Коломот од месец јули 2007 година, склучен помеѓу Фондот за магистрални и регионални патишта и АД „ЕЛЕМ„ - Скопје и Протокол од месец септември 2009 година за регулирање на меѓусебните права и обврски меѓу соинвеститорите Агенцијата за државни патишта и АД „ЕЛЕМ„ - Скопје со Изведувачот ДГ Бетон ад Скопје. Согласно договорот и протоколот АД ЕЛЕМ – Скопје е соинвеститор во изградбата на горенаведениот патен правец во износ од 110.423 илјади денари односно 25,73% од вкупната вредност на договорот склучен со изведувачот ДГ Бетон АД Скопје.
- наплата на банкарски гаранции за поради неисполнување на обврските од склучени договори со Агенцијата за државни патишта во вкупен износ од 21.282 илјади денари.

### 3.3. Трансфери и донации

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените средства во износ од 1.845.861 илјади денари (2010 година - 2.141.884 илјади денари) а се однесуваат на:

во 000 денари

| Опис | 2011 | 2010 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Трансфер од Буџетот на РМ | 1.831.000 | 2.135.000 |
| Пренос на вишок на приходи | 14.861 | 6.884 |
| Вкупно: | 1.845.861 | 2.141.884 |

- Согласно член 55 став 1 точка 1 од Законот за јавни патишта, Агенцијата за државни патишта обезбедува финансиските средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на јавните патишта и од трансфери од Централниот буџет (делот од акцизата од деривати од нафта). Согласно член 56 од горенаведениот закон, висината на средствата од трансферот од Централниот буџет не може да биде помалку од 20%. Исплатата на средствата за делот од акцизата од деривати на нафта ја врши

Министерството за финансии, Сектор трезор, согласно член 4) од Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2011 година („Службен весник на РМ", бр. 161 од 15.12.2010 година), согласно кој средствата се утврдени во Раздел 090.02 - Министерство за финансии - функции на државата, Потпрограма 20-функции, ставка 487 - Капитални трансфери до вонбуџетски фондови, потставка 487410 - Капитални трансфери до Агенцијата за државни патишта. Средствата се користат врз основа на донесена годишна програма на Агенцијата за државни патишта од страна на Владата на Република Македонија, а по претходно доставено писмено барање од Агенцијата до Министерството за финансии и

пренесен вишок на приходи од претходната година.

## 3.4. Задолжување во странство

Оваа позиција е проценета во висина од наплатените средства во износ од 1.442.978 илјади денари (2010 година -948.610 илјади денари) односно приходи по средства од кредити кои ги користи Агенцијата за државни патишта и тоа:

во 000 денари

| Опис | 2011 | 2010 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Задолжување кај Светска Банка | 996.066 | 948.610 |
| Задолжување кај Европска Банка за обнова и развој (ЕБОР) | 446.913 | 0 |
| **Вкупно:** | **1.442.979** | **948.610** |

Владата на Република Македонија, на 28 јануари 2009 година, потпиша Договор за Заем, со Европската Банка за Обнова и Развој (ЕБОР), со кој Банката и одобри на Република Македонија 50 милиони евра за реконструкција и рехабилитација на регионалните и локалните патишта, и тоа 25 милиони за регионалните и 25 милиони евра за локалните патишта. Имено, корисник на овие средства, а воедно и имплементатор на истоимениот проект е Агенцијата за Државни Патишта, за која цел беше потпишан и Проектен Договор помеѓу Агенцијата и ЕБОР. Цели на Проектот се намалување на трошоците за пристап кон пазарите и услугите кои се сервисираат преку регионалните и локалните патишта, со подобрување на состојбата и квалитетот на регионалната и локалната патна мрежа.

Исто така Агенцијата е корисник на кредитот на Светска банка каде што потписници на договорот Се јавува Владата на РМ министерство за финансии. Во текот на 2011 година од овој кредит се повлечени средства во износ од 446.913 денари. Овие средства се искористени за проектот ТТФСЕ 2 за изградба на патот Куманово - Табановце и дел е за проектот за изградба на локални и регионални патишта.

ДО: Државен завод за ревизија
Ул. Македонија 12/3, 1000 Скопје

Предмет: Забелешки по Нацрт извештајот на овластениот ревизор за извршена ревизија на Билансот на приходи за 2011 година на Агенцијата за државни патишта

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 18-565/3 од 25.05.2012 во кој ни го доставувате Нацрт извештајот на овластениот ревизор за извршена ревизија на Билансот на приходи за 2011 година на Агенцијата за државни патишта. Во прилог Ви ги доставуваме забелешките по истиот.

Со почит,

ДИРЕКТОР,
Љупчо Георгиевски

Изработил: Десанка Зафирoвска, одговорен сметководител
Контролирал/Одобрил: Сања Павловиќ, раководител на секторот за финансиска правна

Предмет: Забелешки по Нацрт извештајот на овластениот ревизор за извршена ревизија на Билансот на приходи за 2011 година на Агенцијата за државни патишта

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.21 Со одредбите од член 60 од Законот за јавните патишта (Службен весник на Република Македонија" бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11 и 44/12) е утврдено дека Агенцијата склучува договори за извршување работи за наплата на надоместок за употреба на јавните патишта со правни лица овластени за вршење на технички преглед на возилата.

Согласно Законот за јавни патишта (Службен весник на Република Македонија" бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11 и 44/12) и Законот за возила („Службен Весник на Р.М", бр.140/08 и 53/11), Агенцијата за државни патишта не учествува во процесот на издавање на лиценци за дејноста регистрација и технички преглед на моторни и приклучни возила. Оттука како што е констатирано и во извештајот Агенцијата не поседува законски механизми за увид во состојбата и бројот на правните лица кои поседуваат лиценци за оваа дејност, ниту на за статусните промени кај тие правни лица. На 08.06.2012 година Агенцијата повторно со допис се обрати до Министерството за внатрешни работи- ЦПС-ОРГ Сектор за управно-надзорни работи и побара состојба на овластени лица за вршење на технички преглед и нивни подружници, како и барање за поголема соработка (дописот е прилог на коментарите).

4.2.2 Во јуни 2007 година е склучен договор помеѓу АД ЕЛЕМ-Скопје и тогашниот Фонд за магистрални и регионални патишта за коинвеститорство при изградба на на патната делница м.в мост село Близанско-м.в Коломот во износ од 110.430 илјади денари без ДДВ кои се исплатени на Агенцијата во целост во текот на 2009,2010 и 2011 година.

Агенцијата за државни патишта, во согласност со препораките од оваа точка на Нацрт извештајот се обрати писмено до АД ЕЛЕМ, во кој побара информација за користењето на право на одбиток на претходен данок, што е спротивно на член 33, став 2 и член 35, став 1 точка 7 од Законот за ДДВ. Од А.Д ЕЛЕМ беше испратен официјален допис во кој тие потврдија дека го искористиле правото на одбиток на претходен данок и ќе извршат соодветна корекција. Сепак не се сложуваме со нивното тврдење дека Агенцијата не го применила член 10, став 2 од Законот за ДДВ, бидејќи Агенцијата не вршела промет кој е оданочов кај други даночни обврзници и понатаму не е ДДВ обврзник. (коресподенцијата е прилог на коментарите)

### 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Агенцијата за државни патишта презема мерки за целосно, точно и навремено собирање на приходот од регистрација на моторни и приклучни возила. Во текот на изминатиот период две правни лица се веќе оптужени (споровите се во финална фаза), додека во моментов се вештачат дополнителни предмети за оптужување на дополнителни должници од оваа категорија (во прилог на коментарите се договорите за вештачење и испратени опомени пред тужба до правните лица – должници). Имено, најголемите долгови по однос на овој приход се остварени токму во 2011 година, која е предмет на ревизија. Исто така, во изминатиов период Агенцијата имаше интензивни контакти со финансовата полиција, кои поради природата на институцијата и проблемот, долго време беа неофицијални, но потоа и по официјален пат Агенцијата ја извести оваа институција за состојбите на долгови по овој основ.Исто така и Управата за јавни приходи е известена за состојбите ( коресподенцијата е прилог на коментарите). Согласно последните измени на член 60 од Законот за јавни патишта, станиците за технички преглед се должни 99 % д собраните средства да ги трасферираат во рок од 10 дена на потсметката на Агенцијата, а 1 % да ги трасферираат на сметката на Републичкиот совет за безбедност на патиштата. Во согланост со измените на Законот за јавни патишта, во моментов се работи и на измена на Договорите со правните лица овлатени за технички преглед.

4.3.2 Во моментов е во тек постапката за воведување на нов автоматизиран систем за наплата на патарина со адаптација на пет постоечки наплатни станици и изградба на четири нови станици.

Одговор

на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Законскиот застапник на Агенцијата за државни патишта (во понатамошниот текст Агенцијата), на должност директор од 07.05.2012 година, достави Забелешки под број 02-2658/2 од 20.06.2012 година на Нацрт извештајот за извршената ревизија на Билансот на приходи за 2011 година и ревизија на усогласеност, заведени во Државниот завод за ревизија под број 18-565/4 од 20.06.2012 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки кои претставуваат известувања за превземените мерки по дадените препораки и објаснување на причините за утврдените состојби без дополнителни докази со кои ќе се оспорат утврдените состојби. Овластениот државен ревизор за дадените забелешки се произнесе како што следува:

1. Упатената забелешка на **точка 4.2.1** која се однесува на констатацијата на ревизијата дека Агенцијата не превземала доволно мерки за утврдување на причините кои придонеле да не се склучат договори, да не се доставаат податоци и уплати на наплатените средства, како и да не се ажурираат податоците за добиени овластувања на правни лица за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила и одземени овластувања за вршење на технички преглед на моторни возила, **претставува известување** за надлежностите на Агенцијата пропишани во Законот за јавни патишта што ревизијата ги имаше во предвид. Имено иако согласно Законот за јавни патишта и Законот за возила Агенцијата не учествува во процесот на издавање на лиценци за дејноста регистрација и технички преглед на моторни и приклучни возила, можела да ги користи податоците од Министерството за внатрешни работи – ЦИС_ ОРГ Сектор за управно надзорни работи. За утврдените состојби во оваа точка ревизијата ги користеше презентираните склучени договори, доставените извештаи од овластените правни лица за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила до Агенцијата, како и доставените барања и добиените одговори од Министерството за внатрешни работи ЦИС _ ОРГ Сектор за управно – надзорни работи за вкупниот број на овластени правни лица за вршење на технички преглед и нивните подружници за 2010 и 2011 година. По доставување на Нацрт

*Ревизорски тим:*
1. ______
2. ______
3. ______

*Овластен државен ревизор*
______

извештајот, Директорот на Агенцијата писмено се обратил до Министерството за внатрешни работи со допис број 02-2896/1 од 08.06.2012 година со цел интензивирање на нивната соработка во делот на добивање на ажурирани податоци за овластените правни лица за вршење на технички преглед во РМ што ќе биде додадено во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

2. Упатената забелешка на **точка 4.2.2** која се однесува на констатацијата на ревизијата дека Агенцијата неправилно во своите фактури искажала обврска за данок на додадена вредност иако не е даночен обврзник со искажан МК даночен број, **претставува известување** за превземените мерки на Агенцијата со нејзино писмено обраќање до АД ЕЛЕМ со допис број 05-2701/1 од 30.05.2012 година. Во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор ќе биде изземена препораката со додавање на следниот пасус:

   „Ревизијата не дава препорака од причини што во фазата на доставување на забелешки на Нацрт извештајот, Агенцијата превзема активности за корекција на констатираната состојба од ревизијата. Со допис број 05-2701/2 од 07.06.2012 година, АД ЕЛЕМ ја известила Агенцијата дека ќе изврши корекција на одбиениот ДДВ спрема Управата за јавни приходи согласно Законот за додадена вредност со оглед на тоа дека АД ЕЛЕМ ја има платено целосно обврската согласно договорот односно има уплатено 110.430 илјади денари„.

3. Упатената забелешка на **точка 4.3.1** која се однесува на констатацијата дека правните лица овластени за технички преглед на моторни и приклучни возила нередовно ги доставуваат месечните извештаи на регистрирани, наплатени и проверени средства, нередовно и нецелосно вршат уплата на надоместокот за патната такса, а Агенцијата не доволно превземала мерки за наплата на долгот по судски пат или барање на отштета за ненавремена уплата на средствата од правните лица кои имаат овластување за технички преглед, **претставува известување** за превземените мерки за надминување на утврдените состојби.

*Ревизорски тим.*
1.
2.
3.

*Овластен државен ревизор*

4. Упатената забелешка на точка 4.3.2 кои ге однесува на констатацијата дека воспоставениот систем на наплата на приходите по основ на надомест за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина), не гарантира целосност во наплатата, претставува известување за превземените мерки за надминување на утврдените состојби.

*Ревизорски тим:*

1. ________
2. ________
3. ________

*Овластен државен ревизор*

________